**Силва ПЕШИЌ**

# НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПРОЦЕСОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА

**Вовед**

Националната институција за унапредување и заштита на човековите права (National Institution for the Promotion and Protection of Human Rights) вообичаено се опишува како независна агенција финансирана од страна на државата и основана според Устав или национален закон со мандат за унапредување и заштита на човековите права на национално ниво. Националните институции, исто така, имаат растечки важна улога и на меѓународно ниво, преку нивниот придонес во суштинските дискусии за човековите права и процесите на надгледување.

Националната институција за човекови права се смета за важен механизам преку кој државата ги исполнува своите обврски „да ги превземе сите неопходни активности“ за да обезбеди дека признаените меѓународни човекови права се имплементирани на национално ниво. Создавањето на Национална институција

Авторката е советничка за Човекови права при Канцеларијата на Постојаниот координатор на ОН

исто се сфаќа како сигнал дека државата сериозно ги сфаќа своите обврски поврзани со човековите права. Интензитетот на оваа посветеност се мери со степенот до кој Националната институција за човекови права е навистина независна и има овластувања и ресурси потребни за нејзино ефективно функционирање.

Мерењето се врши според меѓународни стандарди кои ги поставуваат независноста и ефективноста како минимални основни барања со чие исполнување Националната институција за човекови права се смета за кредибилна и на национално и на меѓународно ниво. Во овој труд се опишани главните барања поставени од меѓународните стандарди, се дискутира за меѓународна проценка на усогласеноста и се разгледува статусот на Националните институции за човекови права во државата.

**Меѓународни стандарди – Парискиte принципи**

Меѓународните стандарди кои се однесуваат на Националните институции беа усвоени од Националните институции за човекови права во заклучок на нивната прва Меѓународна работилница одржана во Париз во октомври 1991 година по барање на Комисијата за човекови права при Обединетите Нации да се организира собир на национални и регионални институции вклучени во унапредување и заштита на човековите права. Генералното собрание на Обединетите нации ги одобри овие заклучоци во 1993 година. Тие станаа познати под името „Принципи поврзани со статусот на националните институции“ или „Париски принципи“ (the Paris Principles).

Парискиte принципи ги поставија независноста и ефикасноста како основни критериуми за да една национална институција се смета кредибилна и на национално и на меѓународно ниво. Тие бараат да се исполнат шест основни услови: независност загарантирана со статут или со устав; автономија од владата; плурализам, вклучително и во членството; широк мандат за унапредување и заштита заснован на универзалните стандарди за човекови права, вклучувајќи соодветни овластувања за спроведување истраги; соодветни ресурси; и соработка со национални и меѓународни субјекти. Овие услови се меѓу-поврзани и треба да се исполнат како целина.

Парискиte принципи ги дефинираат мандатот и надлежностите на една Национална институција за човекови права, нејзиниот состав и правната, оперативната и финансиската автономија. Една национална институција треба да има широк мандат да ги унапредува и заштитува човековите права преку советодавни, надзорни и едукативни функции.

Националната институција дава препораки и предлози до владата, парламентот или друг надлежен орган за која било законска или административна одредба поврзана со заштитата на човековите права, за кое било прекршување на човековите права или за интеракцијата на државата со меѓународните тела за човекови права. Националните институции за човекови права се залагаат за усогласување на националните закони и практики со меѓународните стандарди за човекови права, ја подржуваат ратификацијата на меѓународните норми за човекови права и ја обезбедуваат нивната имплементација. Тие даваат совети и придонесуваат за подигање на јавната свест преку информирање и едукација. Некои од нив, исто така, имаат и квази-судска надлежност да разгледуваат индивидуални жалби.

Составот на Националната институција за човекови права треба да обезбеди независност од каков било државен орган или власт, особено кога станува збор за донесувањето на одлуки. Според Париските принципи потребно е членовите на Националната институција за човекови права да бидат назначени преку широка консултација во транспарентна и конкурентна постапка. Нејзиниот состав треба да го „отсликува“ општеството и да обезбеди плуралистичко претставување на општествените сили вклучени во унапредувањето и заштитата на човековите права, како што се невладнините организации, синдикатите, професионалните организации, трендовите во филозофските или религиските мисли или академски претставници. Националните институции за човекови права треба да имаат членови вработени со полно работно време и да можат да вработат сопствен стручен кадар. Конечно, Париските принципи бараат Националните институции за човекови права да добијат соодветни финансиски средства од државата, доделени и трошени без мешање на владата.

## Меѓународен координативен комитет на Национални институции за унапредување и заштита на човековите права

Националните институции за човекови права го основаа Меѓународниот координативен комитет на Национални институции за унапредување и заштита на човековите права (International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion and Protection of Human Rights-ICC) во 1993 година, на нивната Меѓународна конференција во Тунис. Меѓународниот координативен комитет е меѓународна, независна мрежа на Национални институции за човекови права усогласени со Париските принципи која има цел „да ги унапреди

и зајакне Националните институции за човекови права за да бидат во согласност со Париските принципи“ и да обезбеди „водство во унапредувањето и заштитата на човековите права“. До декември 2011 година во мрежата беа вклучени 99 Национални институции за човекови права – од кои 69 акредитирани со статус А, 20 акредитирани со статус Б и 10 акредитирани со статус В.

Меѓународниот координативен комитет обезбедува интеракција и соработка со Обединетите нации, помеѓу членовите и со други регионални и национални тела. Меѓународниот координативен комитет организира конференции, спроведува иницијативи и работи на развој на знаења, изготвува насоки, политики, поттикнува можности за едукација и обука за Националните институции за човекови права. Тој го промовира основањето и зајакнувањето на Националните институции за човекови права на национално ниво, врши проценка на усогласеноста со Парисните принципи на оние Национални институции за човекови права кои сакаат да станат членови на Меѓународниот координативен комитет и ги поддржува Националните институции ако се најдат под закана.

Од 2008 година, Меѓународниот координативен комитет се инкорпорира како правен субјект според швајцарскиот закон, со кој раководи Биро составено од 16 членови со право на глас, од кои по четири ја претставуваат секоја одчетирите географски групи на Национални институции за човекови права од Африка, двете Америки, Азиско-Пацифичкиот регион и од Европа. Меѓународниот координативен комитет има сопствен Статут и раководни тела, работни групи за управување и одржливо финансирање и исто така вклучува Поткомитет за акредитација (Sub-Committee on Accreditation-SCA).

Поткомитетот е тело на Меѓународниот координативен комитет кое има надлежност да ги разгледува и анализира барањата за акредитација и да дава препораки до Бирото за усогласеноста на кандидатите со Парисните принципи. Тој е составен од по една усогласена Национална институција за човекови права назначена од секоја од четирите регионални групи на Меѓународниот координативен комитет. Поткомитетот има сопствен деловник и методи на работа. Со цел да ги унапреди начелата за строгост, транспарентност и праведност во процесот на акредитација, Поткомитетот издава упатства за акредитација и објавува општи забелешки со што го појаснува разбирањето и примената на Парисните принципи во пракса. Поткомитетот се среќава двапати годишно во Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации во Женева, која исто

така е постојан набљудувач на Меѓународниот координативен комитет и на Поткомитетот за акредитација и служи како нивен Секретаријат.

Работата на Меѓународниот координативен комитет покажува дека независноста и ефикасноста се многу повеќе од стандард користен за меѓународна акредитација на Националните институции. Независноста и ефикасноста ги пронижуваат сите аспекти на Националните институции. Во тоа светло треба да се цени и фактот дека Националните институции самите ги усвоија Парисиките принципи и го воспоставија системот на акредитација. Обединетите нации само ги прифатија Парисиките принципи како меѓународен стандард. Обединетите Нации и понатаму продолжуваат да ја поддржуваат работата на Националните институции и на Меѓународниот координативен комитет, признавајќи го нивниот непроценлив придонес како важен фактор во унапредувањето и имплементацијата на меѓународните стандарди за човекови права.

## Процесот на акредитација при Меѓународниот координативен комитет

Акредитацијата претставува официјално признавање на нивото до кое Националната институција е усогласена со Парисиките принципи. Во моментот има три такви класификации, познати како „статус“: А-усогласеност со Парисиките принципи; Б-нецелосна усогласеност со Парисиките принципи или недоволно обезбедени информации да се направи оценка; и В -неусогласеност со Парисиките принципи.

Усогласен А статус ја признава Националната институција како легитимна и кредибилна и и носи меѓународно признавање. Националната институција станува членка на Меѓународниот координативен комитет со право на глас и право да учествува во работата на Комитетот и донесувањето одлуки. Институцијата исто така, има право да учествува во работата на меѓународните тела за човекови права, вклучувајќи го и Советот за човекови права на Обединетите нации.

Важна придобивка за Националната институција е тоа што таа може да добие помош од Меѓународниот координативен комитет доколку се најде во опасност како резултат на промена на околностите кои можат да влијаат на нејзината независност или ефикасност. Таквите околности, на пример, можат да вклучат намалување на финансиите, ограничување на мандатот, заплашувања или закани упатени до членовите или стручниот кадар, обид за измени на на постоечката легислатива, намалување на транспарентноста при назначувањето или разрешувањето на клучни службеници на Националната институција за човекови права.

Националната институција со нецелосна усогласеност (статус Б) може да учествува како член без право на глас на меѓународните и регионални состаноци на Националните институции за човекови права. Институцијата со неусогласен статус В нема никакви привилегии кај Меѓународниот координативен комитет или форумите за човекови права при Обединетите нации, освен ако не е поканета од страна на Претседавачот на состанокот или на работилницата. Неуспехот да биде акредитирана укажува дека Националната институција за човекови права не е независна или ефективна и поради тоа нема кредибилитет.

Непосредна корист од акредитацијата е тоа што Националните институции добиваат препораки за прашањата кои треба да се решат за да се одржи или постигне усогласеност со Парисиките принципи. Овие препораки даваат цврста основа за делување на институцијата со националните власти, особено по однос на нејзиното зајакнување, усогласување со Парисиките принципи и евентуално повторно поднесување барање за акредитација кое Националната институција може да го направи во секое време доколку смета дека достигнала ниво на усогласеност.

Важно е да се нагласи дека еднаш добиениот статус од Меѓународниот координативен комитет не е засекогаш. За да се обезбеди Националните институции да ја одржуваат и подобруваат својата усогласеност, сите Национални институции со статус А и статус Б подлежат на ре-акредитација на секои пет години по првичната акредитација. Нивниот статус може биде уназаден ако не успеат да покажат постојана усогласеност.

Акредитираните институции со статус А треба, исто така, да известат за секоја промена на околностите што може да влијае на нивната усогласеност. Таквата промена може да резултира во проверка на усогласеноста. Исто така, доколку според мислењето на Претседавачот на Меѓународниот координативен комитет или на некој член на Поткомитетот за акредитација, околностите на некоја Национална институција ИЧП која била акредитирана со статус А се промениле на начин кој влијае на нејзината усогласеност со Парисиките принципи, Претседавачот или Поткомитетот може да покренат проверка на статусот на акредитација на таа Национална институција.

Според последните измени и дополнувања на Статутот на Меѓународниот координативен комитет, акредитацијата со статус А на една Национална институција може да биде суспендирана во случај на постоење исклучителни околности кои налагаат итна суспензија, при што Бирото на Меѓународниот координативен комитет може да одлучи

веднаш да ја суспендира класификацијата на акредитацијата за таа институција и да започне посебна проверка. Покрај ова, акредитацијата со статус А може да се укине ако Институцијата го повлече барањето за повторна акредитација без оправдување или не побара ре-акредитација.

**Процесот на акредитација**

Акредитацијата е процес во кој Поткомитетот за акредитација го разгледува барањето за членство во Меѓународниот координативен комитет, го оценува нивото на усогласеност на Националната институција со Париските принципи и поднесува препораки до Бирото на Меѓународниот координативен комитет кој потоа одлучува за статусот и ја соопштува својата одлука и евентуалните препораки на Националната институција.

Националната институција доброволно се пријавува за акредитација, преку барање кое го поткрепува со легислативата за основање, преглед на организациона структура, кадар и годишен буџет, последен објавен годишен извештај и детална изјава за тоа како Институцијата е усогласена со Париските принципи. За да се олесни апликацијата, Поткомитетот за акредитација изготви упатства за акредитација и ре-акредитација на Национални институции за човекови права, како и образец за изјавата на усогласеност, кој обезбедува детални упатства за главните прашања.

Според правилата на Меѓународниот координативен комитет, само една Национална институција за човекови права од една држава може да биде акредитирана со право на глас. Ако има повеќе од една Национална институција, се препорачува тие заеднички и формално да се договорат меѓу нив за тоа која ќе ги претставува Националните институции од таа држава во Меѓународниот координативен комитет.

Процесот на акредитација е интерактивен и сè повеќе ригорозен. Додека документацијата за барањето ја претставува основата за проценката, Меѓународниот координативен комитет и Поткомитетот исто така бараат мислење за издржаноста на апликацијата од Обединетите Нации, граѓанското општество и други засегнати страни во државата. Националната институција која се пријавила за акредитација се информира за тие мислења а од неа може да се побара да обезбеди дополнителни информации во текот на процесот за таа да може да покаже како ја врши својата независност и колку е ефикасна во својата работа. Поткомитетот прави проценка на своја седница од која објавува извештај со препорака до Бирото на Меѓународниот координативен

комитет кое ја донесува конечната одлука за статусот на акредитација.

Како што беше забележано претходно, добиената акредитацијата не се доделува еднаш за засекогаш. Сите Национални институции подлежат на периодична ре-акредитација и нивнот статус може да се провери во случај на промена на околностите кои влијаат на нивната независност и ефикасност.

**Национални институции за човекови права во државата**

Во државата моментално има две Национални институции за човекови права – Канцеларијата на Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација. Едната од овие институции, Народниот правобранител, поднесе барање за акредитација до Меѓународниот координативен комитет во декември 2010 година и беше акредитирана со статус Б во октомври 2011 година. Во периодот кога Народниот правобранител одлучи да побара членство во Меѓународниот координативен комитет, Комисијата сè уште не беше формално основана бидејќи законот за нејзино основање стапи во сила на 1 јануари 2011 година. Ова му овозможи на Народниот правобранител да аплицира без да мора да се консултира со другата институција.

Во овој дел накратко ќе ги разгледаме главните карактеристики на двете Национални институции за човекови права во однос на Париските принципи. Подетален преглед на Канцеларијата на Народниот правобранител и нејзината акредитација ќе бидат дадени во следните делови.

Канцеларијата на Народниот правобранител е основана со Закон од 1997 година врз основа на одредба од Уставот од 1991 година. Според законот, Народниот правобранител е основан како независна национална институција со мандат да ги заштитува човековите права на поединци кога истите се прекршени од органите на државната управа. Мандатот не се однесува на приватниот сектор или на судската власт освен во случаи на задоцнета правда и несовесно работење на судските служби. Во 2009 година, Канцеларијата на Народниот правобранител е назначена за Национален превентивен механизам според Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура на Обединетите Нации (National Preventive Mechanism under the United Nations Convention Against Torture - NPM). Народниот правобранител може да вработи професионален кадар и има десет заменици, од кои шест раководат со регионалните канцеларии што ја покриваат целата територија на државата. Народниот Правобранител и неговите заменици ги назначува Собранието со мандат од осум години, со право

на уште еден избор. Канцеларијата е финансирана од државниот буџет, а може да биде финансирана од други извори.

Комисијата за заштита од дискриминација е воспоставена во април 2010 година, со Законот за спречување и заштита од дискриминација, како независно државно тело составено од седум члена. Нејзината надлежност се протега на приватниот и на јавниот сектор. Комисијата има овластувања да советува и ја надгледува усогласеноста на домашното законодавство, политики и администраивни мерки со законот и прифатените меѓународни и регионални стандарди, вклучително и преку индивидуални жалби. Членовите на Комисијата ги назначува Собранието со мандат од пет години, со право на уште еден избор, во јавна постапка. Тие не се професионално вработени, од нив се бара да го вршат сопствениот секретаријат и не можат да вработат свои кадри. Комисијата е со централна организација и со седиште во главниот град. Таа се финансира од државниот буџет и може да биде финансирана од други извори.

Собранието ги назначи членовите на Комисијата на крајот на декември 2010 година. Од седумтемина, двајца се вработени со полно работно време во владата и еден е вработен во собранието. Комисијата стана оперативна во септември 2011 година, откако за неа се обезбедија простории во државна сопственост и годишен буџет за да ги покрие надоместоците на членовите. Комисијата ја нема објавено нејзината програма или приоритети во јавноста. Нејзините активности до сега се фокусираа речиси исклучиво на жалбената функција.

Иако Комисијата не е официјално проценета, едноставна споредба со Париските принципи ја става во прашање нејзината независност и ефикасност. Најзабележлив е недостигот од широк мандат да ги промовира и заштитува сите човекови права – Комисијата се концентрира само на прашања поврзани со дискриминација - како и тоа што владини претставници се дел од членовите со право на одлучување и што Комисијата воопшто нема вработен кадар или секретаријат. Исто така, мандатите на Народниот правобранител и на Комисијата се преклопуваат во поглед на жалби за дискриминација од страна на јавната администрација. Од основањето на Комисијата , двете институции немаат постигнато формален договор како да го решат преклопувањето. Според Париските принципи потребно е да се постигне таков договор и истиот да биде објавен во пошироката јавност со цел разјаснување на заштитата и да се спречат какви било празнини или правна несигурност кај потенцијалните подносители на жалби.

Интересно е да се напомене дека немаше опсежна национална

консултација или поширока јавна расправа, освен евентуалните консултации во рамки на државните органи, за тоа која Национална институција најдобро би обезбедила унапредување и заштита на човековите права на нивото кое широко прифатените меѓународни обврски го бараат – државата е членка  на седум од моменталните девет темелни меѓународни договори за човекови права и на главните договори за човекови права на Совет на Европа. Граѓанското општество и експертите започнаа ограниченаа дискусија за ова прашање во времето на назначување на Националниот превентивен механизам според Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура на Обединетите нации во 2008 година и усвојувањето на законот против дискриминација во 2009-10 година, но не и во претходните прилики кога се вршеа измени и дополнувања на Уставот од 1991 година или наЗаконот за Народниот правобранител.

**Народен правобранител**

Народниот правобранител е основан со Закон од 1997 година врз основа на одредба на Уставот од 1991 година (чл. 77). Според законот, Народниот правобранител е независна национална институција со мандат да ги заштитува човековите права на поединци кога истите се прекршени од органите на државната управа. Мандатот не се однесува на приватниот сектор или на судската власт, освен во случаи на задоцнета правда и несовесно и нестручно работење на судските служби. Со измените на Законот во 2003 година за да се усогласи институцијата со Охридскиот рамковен договор со кој заврши внатрешниот меѓуетнички конфликт од 2001 година, и во 2009 година за да се прилагоди структурата, Народниот правобранител доби должност за заштита на принципите на недискриминација и правична застапеност, на деца и лица со попреченост и да дејствува како Национален превентивен механизам според Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура на Обединетите нации.

Народниот правобранител постапува по индивидуални жалби или по сопствена иницијатива да испита ситуации од интерес; може да иницира законска регулатива или измени до надлежните органи за да се обезбеди усогласеност со Уставот и ратификуваните меѓународни договори; може да поднесе кривични пријави и да се вклучи во унапредување и едукација за човековите права. Неговите/нејзините одлуки и препораки не се правно обврзувачки. Тој/таа има обврска да поднесува извештај до Собранието еднаш годишно и

Собранието е должно да го разгледа извештајот на јавна расправа на која присуствуваат членови на владиниот кабинет.

Народниот правобранител го избира и разрешува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници при што мора да има мнозинство гласови од пратениците кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство, за период од осум години, со право на уште еден избор. Тој/таа има десет Заменици кои исто така се назначени од Собранието за период од осум години, со право на уште еден избор. Не постојат посебни одредби во однос на транспарентноста на назначувањата. Народниот правобранител може да вработува сопствен кадар. Вработените имаат статус на државни службеници кои ги избира Народниот правобранител преку Агенцијата за државни службеници. Канцеларијата е финансирана од државниот буџет кој го доделува Собранието по одобрување од Министерството за финансии. Народниот правобранител може да се финансира од други извори.

Канцеларијата на Народниот правобранител започна со работа во март 1998 година. Таа е со седиште во Скопје, а од 2003 година воспостави шест регионални канцеларии во Куманово, Кичево, Струмица, Битола, Штип и Тетово со цел граѓаните да имаат поголем пристап до институцијата. Четворица од Заменицитe раководат со стручните оддели во централната канцеларија во Скопје во областа на граѓанските права и правата на малцинствата; социјална заштита; економски права и животна средина и право на вработување. Другите шест Заменици раководат со регионалните канцеларии кои ги покриваат сите области на мандатот. Со измените на Законот од 2009 година, Народниот правобранител доби обврска да отвори три посебни единици, по една за Националниот превентивен механизам, за заштита на правата на децата и на лицата со хендикеп и за еднаква застапеност и заштита од дискриминација.

Сегашниот Народен правобранител беше назначен во декември 2004 година. Тој е правник и претходно бил Министер за правда и судија во Уставниот суд, функција од која дојде кога беше назначен за Народен правобранител. Заменицитe, како што е пропишано со законот, се правници, шест жени и четворица мажи.

Според Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2011 година, канцеларијата има 78 вработени, вклучувајќи 47 жени и 31 маж, од кои 39 по етничка припадност се Македонци, 28 се Албанци, по тројца Срби и Роми, двајца Власи и по еден Турчин, Бошњак и Хрват. Буџетот за 2011 година приближно изнесуваше 75 милиони денари (околу 1,1 милиони евра). Државниот буџет можеше да ги покрие

тековните трошоци и плати, додека активностите беа финансирани од Шведската СИДА, ОБСЕ и Мрежата на Народни правобранители за детски права во ЈИЕ. Канцеларијата на Народниот правобранител е членка на Меѓународниот и на Европскиот институт на Омбудсмани, на Асоцијацијата на Омбудсмани и медијатори од Франкофонијата и на Асоцијацијата на Омбудсмани од Медитеранот.

Во првите години од своето работење, Канцеларијата имаше неколку стотици случаи на годишно ниво. Овој број неодамна достигна 4.000. Народниот правобранител до сега има објавено над 30 тематски извештаи покрај редовните годишни извештаи кои содржат статистика, преглед на состојбата и препораки за решавање на идентификуваните проблеми. Важен дел од активностите на Народниот правобранител вклучи подигањето на свеста, едукативна и советодавна работа.

**Акредитација на Канцеларијата на Народниот правобранител од страна на Меѓународниот координативен комитет**

Поткомитетот за акредитација на Меѓународниот координативен комитет го разгледа барањето за членство на Народниот правобранител на својата седница од октомври 2011 година, со препорака на Народниот правобранител му се додели статус Б на нецелосна усогласеност. Четири конкретни препораки беа дадени за прашањата што треба да се решат со цел Народниот правобранител целосно да биде во согласност со Париските принципи. Две од нив се поврзани со законот за негово основање, една со финансирањето на Канцеларијата и една со неговата интеракција со меѓународниот систем за човекови права.

Првото прашање поврзано со Законот за Народниот правобранител се однесува на неговиот мандат. Поткомитетот забележа дека Законот пропишува широк мандат за заштита, но не и мандат за унапредување на човековите права. Поткомитетот му оддаде признание на Народниот правобранител за тоа што широко го интерпретира својот мандат и спроведува промотивни активности, но ја повика институцијата „да се залага за поширок мандат кој ги вклучува сите права воспоставени со меѓународните, регионалните и домашните инструменти, кој ги покрива сите области на човековите права и кој дава експлицитни функции и во областа на заштита и на унапредувањето на сите човекови права“.

Второто прашање е поврзано со назначувањето, составот и плурализмот на институцијата. Поткомитетот забележа дека Законот бара „соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници“ за Замениците. Иако моментално меѓу нив има етнички

Македонци и Албанци, Поткомитетот нагласи дека плурализмот во контекст на Парискиte принципи се однесува на „поширока претставеност на македонското општество, а не само на етничките групи". Поткомитетот исто забележа дека Законот бара Замениците да се правници и дека Генералниот секретар мора да се назначи од „редот на раководните државни службеници" што може непотребно да ја намали и ограничи разновидноста и плуралитетот на институцијата. На крај, Законот не предвидува јасен, транспарентен и партиципативен процес на избор кој ја промовира независноста на Народниот правобранител и јавната доверба во него. Поткомитетот особено забележа дека слободните работни места не се објавуваат јавно и дека процесот на избор не вклучува широки консултации со граѓанското општество.

Третото прашање е дека не се обезбедени неопходните финансиски средства за Националниот превентивен механизам кој е во рамки на Канцеларијата на Народниот правобранител од 2009 година. Поткомитетот „побара од Владата да му ги обезбеди на Народниот правобранител неопходните финансиски ресурси за да може соодветно да ги исполни обврските на Националниот превентивен механизам" како што е пропишано со Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура на Обединетите нации. Тука вреди да се спомене дека Народниот правобранител честопати самиот укажуваше дека недостатокот од финансии е една од причините зошто беше потребен период од 2009 до јуни 2011 за да Националниот превентивен механизам профункционира. Исто така, Народниот правобранител и претходно, а неодамна во неговиот одишен извештај за 2011 година, забележа дека начинот на финансирање на институцијата е несоодветен, особено ако се има предвид дека Народниот правобранител „не учествува при подготвување на Буџетот", додека законските одредби кои бараат од Народниот правобранител да го образложи бараниот буџет пред Парламентот биле "формална обврска која суштински нема важност".

Конечно, во поглед на интеракцијата со меѓународниот систем на човекови права, Поткомитетот ја истакна важноста на вклучување и примена на препораките на национално ниво, особено оние од Советот за човекови права и неговите механизми (Специјални процедури и Универзален периодичен преглед) и на Договорните тела. Народниот правобранител беше охрабрен активно да се ангажира во Меѓународниот координативен комитет, Европската група на Национални институции за човекови права, како и во меѓународните и националните НВО-и и организации на граѓанското општество.

**Заклучок**

Идејата за независност и ефикасност е од суштинска важност за Националните институции за човекови права. Системот на меѓународна акредитација и постојаните подобрувања им помага на Националните институции за човекови права да станат и останат силни заштитници и застапници за унапредувањето и заштитата на човековите права на национално и на меѓународно нивоа. Чувањето на кредибилитетот на националните институции и обезбедувањето насоки како тој да се постигне преку независност и ефективност е непроценлив потфат на Меѓународниот координативен комитет да им помогне на Националните институции, и конечно на Државите, во имплементацијата на нивните меѓународни обврски за човекови права превземени со цел да се обезбеди живот во достоинство за сите.

Останува надежта дека Народниот правобранител, надлежните органи и сите други застапници за човекови права во државата ќе ги прифатат препораките на Меѓународниот координативен комитет и ќе ги обединат напорите да се зајакне Канцеларијата на Народниот правобранител и Националните институции за човекови права во Државата во склад со Париските принципи за во целост да бидат признаени како кредибилни и ефективни гаранти на човековите права дома и на меѓународно ниво. Најголемата придобивка од ова ќе биде за луѓето.

**Резиме**

Независноста е во јадрото на меѓународните стандарди за Националните институции за човекови права – Парисиките принципи. Системот на меѓународна акредитација им помага на Националните институции да бидат гаранти на човековите права дома и на меѓународно ниво. Обезбедувањето независност и давањето насоки како таа да се постигне е непроценлив потфат на Меѓународниот координативен комитет кој им помага на Националните институции ефикасно да ја исполнат својата улога поврзана со човековите права. Една од двете Национални институции во државата - Народниот правобранител - поднесе барање и беше акредитирана со статус Б за нецелосна усогласеност во 2011 година, со препораки за измена на регулативата во насока на поширок мандат, транспарентно назначување и разновидност на составот како и да соодветно финансирање и соработка со меѓународниот систем на човекови права. Останува надежта дека сите засегнати страни сериозно ќе ги сфатат препораките да се зајакнат Националните институции во државата кои ќе прераснат во кредибилни гаранти на остварувањето на меѓународните гаранции за човекови права.

**Silva PESIC**

## NATIONAL HUMAN RIGHTS INSTITUTIONS AND THE ACCREDITATION PROCESS

**Abstract**

Independence is at the core of international standards relating to National Human Rights Institutions - the Paris Principles. The system of international accreditation assists National Institutions to be safeguards of human rights at home and internationally. Ensuring independence and providing guidance how to achieve it is an invaluable undertaking of the International Coordinating Committee helping National Institutions to effectively fulfill their human rights role. One of the two County's National Institutions - the Ombudsman - has applied and was accredited a not-fully compliant "B" status in 2011 with recommendations to amend the legislation to allow for a wider mandate, transparent appointment and diversity of composition as well as ensure adequate funding and interaction with the international human rights system. It is hoped that all relevant actors will take the recommendations strongly on board to strengthen Country's National Institutions and make them credible safeguards of the realization of the international human rights guarantees.

**Користена литература**

International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion and Protection of Human Rights. Compilation of the Rules and Working Methods of the SCA. Пристапено на 25 април, 2012, од: http://National Human Rights Institution.ohchr.org

International Coordinating Committee of National Institutions for the Promotion and Protection of Human Rights. Report and Recommendations of the Session of the Sub-Committee on Accreditation (SCA) Geneva, 25 – 28 October 2011. Пристапено на 25 април, 2012, од: http://National Human Rights Institution.ohchr.org

International Council on Human Rights Policy (2005). *Assessing the Effectiveness of National Human Rights Institutions.* Versoix, Switzerland: International Council on Human Rights Policy

Комисија за заштита од дискриминација (2012, април). Годишен извештај на комисијата за заштита од дискриминација за 2011 година. Пристапено на 25 април, 2012, од: http://www.sobranie.mk/

Народен правобранител (2012, март). Годишен извештај 2011. Пристапено на 25 април, 2012, од: http://www.ombudsman.mk

Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights (2010). *National Human Rights Institutions. History, Principles, Roles and Responsibilities.* United Nations Publication

United Nations General Assembly resolution A/RES/48/134 (December 20,1993)